Врз основа на одредбите од  член 21 став 1 алинеја 5 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015, 23/2016, 31/2020, 150/21 и 288/21), член 15 од Правилникот за начин на работење на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, за начинот на мерење и управување со ризиците кои произлегуваат од работата на отворените и затворените инвестициски фондови и за метдологијата за мерење на ризиците од вложувањата во финансиски деривативни инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 1/2022) и член 74 од Статутот на Друштво за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ, (во понатамошниот текст: Друштво), Одборот на директори на Друштвото, на ден 13.07.2022 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 1**

Целта на овој Правилник е да се обезбеди спречување на злоупотреба на овластувања и должности на лицата вработени во Друштвото за остварување на користољубиви цели, за себе или блиски лица и да се обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на лицата вработени во Друштвото да го загрозат или на друг начин да наштет на интерсите на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови со кои управува. Судир на интереси освен во односите со сопствениците на удели може да се јават и во врска со управуање средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и при вршење активности на инвестиционо советување.

Вработените во Друштвото, податоците за сопствениците на уделите, како и податоците за уплатите и исплатите ги чува како деловна тајна и истите да ги соопштува само врз основа на судски налог, на барање на Комисијата, на барање на одделен сопственик на удели или акции, како и на барање на депозитарната банка.

Доверливите податоци ќе бидат единствено достапни на вработените и одговорните лица кај нив, врз основа на овластувањата што ги имаат тие лица за извршување на конкретни задачи според доделените работи и работни задачи, и само во оној обем кој што на таквите лица им е потребен за извршување на работите при што таквите вработени треба да се соодветно договорно обврзани за чување на доверливоста.

Основачите на Друштвото, членовите на Одборот на директори на Друштвото и Извршните директори се должни да ја чуваат тајноста за работата на Друштвото во согласност со законските и подзаконските прописи и актите на Друштвото и да обезбедат да не се обелоденуваат податоците кои ги дознале во текот на нивните работни активности.

Сите членови на Одборот на директори се должни сите информации кои ги добиваат за работењето на Друштвото да ги третираат со должно внимение како деловна тајна и никако не смеат да ги споделуваат со други лица или пак да ги искористат тие информации за личен интерес или за интерес на лица поврзани со нив.

Сите членови на Одборот на директори се обврзуваат да потпишуваат еднаш годишно Изјава за конфликт на интерес и деловна тајна, се со цел избегнување на злоупотреба на деловна тајна и можен конфликт на интерес.

**Член 2**

Друштвото е одговорно за вршење на дејноста на управување со инвестициските фондови, во согласност со одредбите на закон, статутот и проспектот на фондот. Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на удели, доколку делува спротивно на одредбите на закон, статутот, проспектот на фондот општите услови и другите интерни акти.

Друштвото одговара со целокупниот свој имот за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд.

Во управувањето со портфолиата на клиентите вработените ќе се придржуваат до Законот за инвестициски фондови, Законот за хартии од вредност, Законот за превземање акционерски друштва како и општите услови и одредбите од договорот склучен со секој клиент.

**Член 3**

Под судир на интереси во насока на овој Правилник се подразбира дека Друштвото не смее
- да посредува во купување и продавање на хартии од вредност,
- да отуѓува или да стекнува хартии од вредност или друг имот на отворените инвестициски фондови за своја сметка или за сметка на поврзани лица,
- од средствата на инвестициските фондови да купува имот кој не е предвиден со Статутот и Проспект,
- да извршува трансакции спротивно на ограничувањата во вложувањата на инвестициските фондови со кои што управува, утврдени со закон,
- да го отуѓува имотот на инвестициските фондови без надомест,
- да стекнува и отуѓува имот во име на инвестициските фондови со кои управува по цена понеповолна од пазарната цена или проценетата вредност на предметниот имот,
- во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, да позајмува средства освен ако тоа не го прави со цел за користење на тие средства за откуп на удели во отворениот инвестициски фонд, и тоа под услов паричните средства расположливи во портфолиото на фондот да не се доволни за таа намена, при што, во случај на таква позајмица, вкупниот износ на обврските кои подлежат на отплата од имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд спрема сите договори за заем или кредит не смеат да преминат 10% од

нето вредноста на имотот на отворениот инвестициски фонд во моментот на земање на тие позајмици, а во рок не подолг од три месеци,
- да одобрува заеми од имотот на инвестициските фондови и да се јавува како гарант во име на трети лица,
- да го користи имотот на инвестициските фондови како гаранција при извршување на обврските на Друштвото за управување или обврски на трети лица, ниту пак да се користи за извршување на работи под повластени услови од страна на неговите вработени или лица поврзани со нив,
- да договара продажба, купување или пренос на имот меѓу два инвестициски фонда со кои управува истото управува под услови различни од пазарните услови или под услови со кои едниот инвестициски фонд се става во поповолна положба од другиот,
- да презема обврски во врска со средствата кои во моментот на преземање на тие обврски не се во сопственост на инвестицискиот фонд,
- за своја сметка да стекнува или отуѓува удели во отворените инвестициски фондови со кои управува,
- да издава хартии од вредност на отворените инвестициските фондови,
- да го вложува имотот на инвестициските фондови во хартии од вредност или други финансиски инструменти кои тоа ги издава,
- за сметка на сопствениците на удели на инвестициските фондови, да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучување на трансакцијата не влегуваат во имотот на фондот,
- во текот на своето работење да настапува спротивно на интересите на сопствениците на удели,
- Членовите на Одбор на директори несмеат да влијаат на донесување одлука на портфолио менаџерите или инвестицискиот одбор за склучување зделка или трансакција со друга страна од која тие или лица поврзани со нив би имале интерес, материјална или друг вид на корист.

**Член 4**

Портфолио менаџерот при носење одлуки за инвестирање мора да има еднаков пристап и трансакцијата која сака да ја склучи да има економска, финансиска и инвестициска логика. Неговата одлука треба да се темели на проспектот, статутот и општите услови и другите интерни акти кои ја прецизираат инвестициската намера на клиентот. Портфолио менаџерот не смее да склучи трансакција за свое име и за своја сметка, за лице поврзано со него или лице со кое има личен, финансиски или друг деловен интерес.

Одборот на директори и неговите надворешни членови се одвоени од тековното работење на Друштвото и тековното работење на Портфолио менаџерите, воедно несмеат директно на дневно ниво да се мешаат во работењето на Портфолио менаџерите.

Член/членови на одборот или акцонерите несмеат да му сугерираат или фаворизираат на портфолио менаџерот склучување одредена трансакција, тоа мора да го направат преку формалните процедури со давање предлог анализа каде ги изнесуваат аргументите зошто е потребно склучување на трансакциата, односно кои се бенефитите, а кои се ризиците од истата, а инвестицискиот одбор и портфолио менаџерот одлучуваат самостојно водејќи првенствено грижа за клиентите на Друштвото дали ќе ја прифатат или нема да ја прифатат таа иницијатива.

Портфолио менаџерот доколку сметаат дека не се изнесени доволно аргументи (квантитативни, квалитативни и фундаментални) кои трансакцјата ја прават најдобар интерес за инвеститорите можат да го одбијат склучувањето на трансакцијата со образложение дека истото не е во најдобар интерес на инвеститорите или дека истото може да нанесе штета преку предизвикување конфликт на интерес.

При склучување трансакција ниту еден фонд или сопственик на портфолио не смее да се стави во подредена положба за сметка на друг. Ова значи во трансакцијата треба да се вклучат оние фондови или портфолиа кај кои трансакцијата има економска, финансиска или инвестициска логика.

**Член 5**

Сите надворешни деловни активности на вработените од кои што вработените имаат и/или би имале имотна корист мора да се во согласност со позитивните законски норми, во спротива се забранети. Вработените во Друштвото се должни да го пријават секој личен деловен потфат или финансиски интерес (како и оние на челеновите на нашите семејства) кои што би можел да се одрази на угледот и чесноста во работењето на Друштвото. Исто така должни се да пријават и идентификуваат влијание, сопственост или финансиски интерес во било кое правно лице кое што работи и/или има било каков деловен однос со Друштвото.

**Член 6**

Друштвото е должно да обезбеди дека третото лице на кое му се пренесени дел од обврските пропишало применува соодветни процедури со кои би се препознал, управувал, следел и спречил евентуален судир на интереси мегу третото лице, Друштвото и сопственците на удели, сопствениците на портфолиа и клиентите на инвестиционо советување. Кога не е можно да се спречи судир на интереси третото лице е должно е должно да го извести Друштвото кое потоа ги известува сопствениците на удели.

Во одредени ситуации Друштвото може да состави извештај за судир на инереси се со цел да делува во насока на заштита на сопствениците на удели.

Друштвото одржува редовна комуникација со третото лице на кое му пренело дел од обврските и се информира за начинот на кој тоа лице постапува со поверените обврски. Комуникацијата со третото лице може да биде електронска, вербала или пишана. Вработените од Друштвото одат во редовна посета во просториите на лицето на кое му се доверени обврски, со цел да се уверат дека истото во континуитет располага со потребни сресва и организациска поставеност да одговори на барањата.

При регулирање на своие односи Друштвото и третото лице ќе пропишат процедури и ситуации во кои има опасност од судир на интереси или обелоденување на доверливи информации. Доверливите податоци без оглед на медиумот и формата во која ќе бидат разменети, усна, писмена или електронска претставуваат деловна тајна и се во ограничена употреба помеѓу договорните страни со исклучива намена за преземање дејствија со цел да се реализираат услугите кои се предмет на договорот.

За настанување на било каква штета кон сопствениците на удели, сопствениците на портфолио или клиенти на инвестиционо советување предизвикана од страна на третото лице на кое му е доверено извршување на одредени обврски, одговара Друштвото. Друштвото дополнително во друга постапка може да бара надомест на штета од третото лице.

Друштвото постапувајќи во најдобар интерес на клиентите може да го прекине деловниот однос со третот лице.

**Член 7**

Друштвото ја пропишува, имплементира и редовно ја ажурира политиката за управување со судир на интереси. Заштитата на судирот на интереси мора да биде соодветна на големината на организационата структура на Друштвото како и на природата, обемот и сложеноста на активностите кои ги извршува.

Политиката на судир на интереси содржи:

- околности под кои може да дојде до судир на интереси на штета на сопствениците наудели или другите клиенти на Друштвото, а поврзано со дејностите на Друштвото,

- процедури до кои Друштвото мора да се придржува и мерки кои треба да се променуваат со цел спречување на судир наинтереси.

**Член 8**

Друштвото треба да обезбеди независност во управувањето со судирот на интереси.

При утврдување на процедурите, мерките и политиките за спречување судир на интереси, Друштвото е должно да осигури дека релевантни лица вуклучени во извршување различни задачи на Друштвото, а од кои може да произлезе судир на интереси, ги обавуваат

независно земајки ги во обзир сите аспекти на работењето на Друштвото и потенцијалниот ризик кој може да им се нанесе на сопственците на удели.

Со цел да се обезбеди потребниот степен на независност, постапките и мерките треба да содржат:

- начин на спречување и контрола на размена на информации помеѓу релевантни лица вклучени во делокругот на работење на Друштвото во кој постои ризик за судир на интереси, кога размената на информации може да им наштети на сопствениците на удели,

- надзор на лицата кои извршуваат работи на управување на имотот на фондовите или обезбедуваат информации на клиенти и чии интерес може да дојде во конфликт или на друг начин го застапуваат Друштвото од што може да произлезе судир на интереси,

- отстранување на било каква директна врска меѓу лица кои се вклучени во извршување на еден вид на активости и лица кои извршуваат друг вид на активности при што е можен одреден конфлкт на интереси, во насока на извршување на активностите на Друштвото,

- мерки со кои се спречува или ограничува несоодветно влијание врз релеантните лица кои вршат активности на управување со фондовите,

- мерки за да се спречи или контролира истовремено или последователно учество на одредени релевантни лица во разни активности кои се извршуваат од страна на Друштвото, ако таквото учество може да има негативно влијание врз управувањето со судир на интереси.

**Член 9**

Доколку мерките пропишани во член 8 на овој Правилник не обезбедат независност и избегнат или спречат судир на интереси, Друштвото е должно да пропише дополнителни мерки и процедури со кои ќе се осигури независност во управувањето со судир наинтереси.

**Член 10**

Друштвото за управување должно е да води и редовно да ги ажурира информациите за работата што се врши во рамките на полето на управување со фондовите или кои се извршуваат во име на Друштвото за управување, од кои се појавило или може да се појави судир на интереси кои можат да имаат негативни последици за интересите на сопственисите на удели во фондови или на другите клиенти.

Во случаите кога на усвоените политики, процедури и мерки за управување со судир на интерес не се доволни за да се спречи евентуална штета која може да настане врз сопствениците наудели или други инвеститори, Друштвото за управување треба да го

информира одборот на директори и во одредени случаи и собранието на акционери, со цел да донесат одлуки и превземат мерки во насока на заштита на интересите на сопствениците на удели и другите клиенти.

**Член 11**

Друштвото не смее своите ресурси да ги користи за друга намена освен за управување со фондовите, сопствениците на портфолио и за давање услуги на инвестицион советување.

Друштвото не смее да има квалификувано учество во брокерска куќа или банка која има дозвола за работа со хартии од вредност во Република Северна Македонија. Ваквата корелација на евентуална сопственост се коси правни, морални и етички норми и секоја одлука која е спротивна од оваа одредба треба да се напушти како неизводлива.

Друштвото не смее да има квалификувано учество во депозитарна банка. Работењето на Друштвото и на депозитарната банка не смеат да бидат организационо поврзани и во нив не смеат да работат исти лица. Депозитарната банка мора да ја задржи својата независност со цел да обезбеди точна пресметка на цената на уделот, да го чува имотот на фондот и портфолиата издвоено од својот имот, да ги порамнува тренсакциите со хартии од вредност навремено и да ги авторизира плаќањата по основ на откуп на удели.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување.
Со влегувањето во сила на овој правилник, Правилникот за судирот на интереси со инвестициските фондови со кои управува друштвото и сопствениците на удели од 09.04.2021 година, престанува да важи.

ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ